У-5 бр.1984/2018

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Дитурије Елези Незири - претседател на совет, Ана Герасимовска и Даниела Антовска - членови на советот, со записничар Ана Ѓорѓиевски - судски соработник, решавајќи по тужбата на тужителот Друштво за превоз на патници и стока, шпедиција, промет и туризам во земјата и странство БЕРОВО ТРАНС ДООЕЛ Берово, изјавена против решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-647/9 од 31.10.2018 година, за јавна набавка, на седницата одржана на 06.12.2019 година донесе:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за превоз на патници и стока, шпедиција, промет и туризам во земјата и странство БЕРОВО ТРАНС ДООЕЛ Берово, изјавена против оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-647/9 од 31.10.2018 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-647/9 од 31.10.2018 година, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја одбила како неоснована жалбата на тужителот Друштво за превоз на патници и стока, шпедиција, промет и туризам во земјата и странство БЕРОВО ТРАНС ДООЕЛ Берово, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-526/2 од 01.10.2018 година донесена во постапката со преговарање без претходно објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка на услуги - превоз на ученици во ОСУ „Ацо Русковски“ - Берово во учебната 2018/2019 година (делива набавка) на договорниот орган ОСУ „Ацо Русковски“ - Берово.

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки, тужителот поведе управен спор со предлог оспореното решение да биде поништено, поради повреда на одредбите на постапката, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата наведе дека согласно член 54 став 4 од Законот за јавните набавки постапката за доделување на договор за јавна набавка започнува со објавување на огласот, односно со испраќање на поканата за доставување на понуда кај постапката со преговарање без претходно објавување на оглас, а во конкретниот случај понуда до тужителот не била доставена. Имено, неосновани биле наводите на договорниот орган дека стапил во контакт со тужителот и му понудил да испрати покана за преговарање за превоз на ученици до 31.12.2018 година, а тужителот одбил да прифати со образложение дека би преговарал, но на крајот да биде потпишан договор за цела учебна година односно до 10.06.2018 година, а не до 31.12.2018 година како што побрал договорниот орган. Ова од причини што во ниту еден правен систем доказ со кој се утврдува некој факт не можел да биде разговорот со тужителот, па оттука произлегува дека договорниот орган со цел да го оправда своето пропуштање, односно недоставување на покана до тужителот, во одговорот на тужба неосновано навел само дека му понудил да испрати покана за доставување на понуда, но не и дека испратил покана за доставување на понуда. Кон тужбата достави и дополнувања со прилог решение на Државната

Комисија за жалби по јавни набавки број 09-687/7 од 14.11.2018 година за кое наведе дека е донесено на основа на иста фактичка состојба на работите, со ист тужител и предмет на јавната набавка како и предметната тужба, поради повреда на член 54 став 4 од Законот за јавните набавки, а со кое решение жалбата на тужителот се уважува, се укинува Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-468/10 од 17.10.2018 година, и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување пред договорниот орган.

Судот постапи согласно членот 13 од Законот за јавните набавки и со Известување У-5.бр.1984/2018 од 04.03.2019 година, го повика избраниот понудувач ЦОБИ СМ ДООЕЛ с.Русиново, Берово, како заинтересирано лице да достави свој одговор на поднесената тужба кое било уредно примено од страна на заинтересираното лице, меѓутоа до денот на одржаната седница на судот не достави свој одговор на тужба.

Во одговор на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка.

Одговорот на тужба од тужениот орган, Судот го достави до тужителот и до заинтересираното лице како би се запознале со содржината на истиот, кој уредно го примиле, и по кој тужителот достави произнесување, со предлог тужбата да се уважи, а оспореното решение да се поништи, додека заинтересираното лице ЦОБИ СМ ДООЕЛ с.Русиново, Берово, не достави произнесување по одговорот на тужба.

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган спровел јавна набавка со постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, за набавка на услуги - превоз на ученици во ОСУ „Ацо Русковски" - Берово во учебната 2018/2019 година (делива набавка), за што претходно донел Одлука за јавна набавка бр.05-534/3 од 22.09.2015 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган изготвила тендерска документација, предметот на постапката за јавната набавка бил делив на 4 (четири) дела, постапката се спроведувала со преговарање без спроведување на електронска аукција. Во тендерската документација договорниот орган предвидел критериум за избор - најниска цена, а од понудувачите било побарано да доставaт Изјава за независна понуда и Изјава за сериозност на понудите. Комисијата за јавни набавки доставила Покана до економскиот оператор „ЦОБИ-СМ" ДООЕЛ с.Русиново, Берово, кој до крајниот рок за поднесување на понуди 01.10.2018 година до 08:00 часот до договорниот орган доставил понуда, која била отворена од Комисијата за јавни набавки на договорниот орган и за што бил составен Записник за отварање на понудите бр.05-526/2 од 01.10.2015 година.

Комисијата за јавни набавки на договорниот орган пристапила кон преговори со економскиот оператор „ЦОБИ-СМ" ДООЕЛ с.Русиново, Берово кој доставил прифатлива понуда и по завршувањето на преговорите, Комисијата за јавни набавки изготвила Образложение на Комисијата за причините за спроведување на постапката со преговарање без претходно објавување на оглас и за начинот на нејзино спроведување бр.05-526/2 од 01.10.2018 година и Извештај од спроведена постапка бр.05-526/2 од 01.10.2018 година со предлог до одговорното лице на договорниот орган, како најповолна да ја избере понудата на економскиот оператор „ЦОБИ-СМ" ДООЕЛ с.Русиново, Берово, кој предлог бил прифатен и донесена била Одлука за избор на најповолна понуда бр.05- 526/2 од 01.10.2018 година.

Незадоволен од донесената Одлука за избор на најповолна понуда Друштво за превоз на патници и стока, шпедиција, промет и туризам во земјата и странство БЕРОВО ТРАНС ДООЕЛ Берово, како и од спроведената постапката, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднел сега тужителот Друштво за превоз на патници и стока, шпедиција, промет и туризам во земјата и странство БЕРОВО ТРАНС ДООЕЛ Берово.

Постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, како и по службена должност согласно член 211 од Законот за јавните набавки, а врз основа на доказите приложени во предметот од спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, Државната Комисија го донела сега оспореното решение со кое жалбата на тужителот се одбива како неоснована.

Судот наоѓа дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр.136/2007...83/2018), со овој закон особено се обезбедува: конкуренција меѓу економските оператори; еднаков третман и недискриминација на економските оператори; транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Во член 3 став 1 точка 1, 24 и 25 од Законот за јавните набавки е наведено: „1. „Договор за јавна набавка" е договор од финансиски интерес кој ги вклучува и секторските договори, склучен во писмена форма меѓу еден или повеќе договорни органи од една страна и еден или повеќе економски оператори од друга страна, а чиј предмет е изведување на работи, испорака на стоки или обезбедување на услуги согласно со овој закон; 24. „Прифатлива понуда" е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите; 25. „Соодветна понуда" е прифатлива понуда која е во рамките на износот што го утврдил договорниот орган со одлуката за јавна набавка или што може да го дообезбеди согласно со членот 28 став (4) од овој закон.". Согласно член 32 став 1 од Законот за јавните набавки, „(1) Договорниот орган е должен во тендерската документација да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка."

Согласно член 99 од Законот за јавните набавки: Договорниот орган може да спроведе постапка со преговарање без претходно објавување на оглас во следниве случаи: 1) за набавка на стоки, работи и услуги кога: - по претходно спроведени две отворени постапки или постапки со барање за прибирање на понуди не е поднесена ниту една понуда, односно кога по претходно спроведени две ограничени постапки не е поднесена ниту една пријава за учество во првата фаза, под услов да не се сменети условите од тендерската документација, - од технички или уметнички причини, односно од причини врзани за заштита на ексклузивните права (патенти и слично), договорот може да го изврши само одреден економски оператор и - од причини од крајна итност предизвикани од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст, не може да се примени рокот за објавување на отворена постапка, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на понуди или постапка со преговарање со претходно објавување на оглас; 2) за набавка на стоки: -

произведени исклучиво за истражување, експериментирање, проучување или развој, но не за стоки во сериско производство со кое би се остварила добивка или поврат на трошоците на развојот или истражувањето, - кога договорниот орган мора да набави дополнителни испораки од првобитниот носител на набавка заради делумна замена на вообичаените стоки или инсталации или проширување на постојните стоки или инсталации, при што промената на понудувачот би го обврзала договорниот орган да купи материјал кој има поинакви технички карактеристики што би резултирало со некомпатибилност или несразмерни технички тешкотии во функционирањето и одржувањето. Должината на дополнителните набавки не смее да надмине три години од склучувањето на основниот договор, а нивната вредност не смее да надмине 30% од вредноста на основниот договор и - кои се набавуваат по посебно поволни услови од понудувач кој ги затвора своите деловни активности (ликвидација или стечај), од стечаен управник или ликвидатор, по претходен договор со доверителите; 3) за набавка на услуги кога предметниот договор следува по спроведување на конкурс за избор на идејно решение и се доделува на најдобро рангираниот учесник или на еден од најдобро рангираните учесници. Ако договорот се доделува на еден од најдобро рангираните учесници договорниот орган ги поканува сите нив да учествуваат во преговорите и 4) за набавка на непредвидени работи, како и дополнителни работи или услуги кои не се вклучени во основниот договор, а кои поради непредвидени околности се нужни, под услов договорот да му се додели на изведувачот на работите или давателот на услугите од основниот договор кога: - таквите работи или услуги не можат да бидат технички или економски одделени од основниот договор без поголеми проблеми за договорниот орган или - таквите работи или услуги, иако можат да се одделат од извршувањето на основниот договор, се неопходни за неговото завршување. (2) Вкупната вредност на дополнителните работи, непредвидените работи и вишоците на работи или на дополнителните услуги од ставот (1) точка 4 на овој член не смее да надмине 30% од вредноста на основниот договор. (3) Во извештајот од спроведената постапка, комисијата дава детално образложение за причините за спроведување на постапката со преговарање без претходно објавување на оглас, како и за начинот на спроведување на постапката. (4) Во случаите од ставот (1) точка 1 алинеја 3, точка 2 алинеи 2 и 3 и точка 4 на овој член, договорниот орган нема обврска да ја утврдува способноста на економските оператори. (5) Доколку при изведување на работите се јават кусоци и/или вишоци на работи, договорниот орган, по добивање на времената ситуација изготвена од страна на изведувачот и потврдена од страна на надзорниот инженер, склучува анекс на договорот за јавна набавка на работи со кој се уредуваат кусоците и/или вишоците на работи

Имено, Судот цени дека во конкретниот случај, Државната Комисија за јавни набавки правилно постапила кога со сега оспореното решение констатирала дека договорниот орган правилно спровел јавна набавка со постапка со преговарање без претходно објавување на оглас согласно член 99, став 1, точка 1 алинеја 3 од Законот за јавните набавки, за набавка на услуги - превоз на ученици во ОСУ „Ацо Русковски“ - Берово, со образложение дека имал итна потреба од превоз на ученици, поради тоа што редовната постапка била поништена заради измени на Законот за патен сообраќај, и важноста на договорот кој бил склучен по спроведувањето на оваа постапка бил до изборот на понудувач за доделување на договор за јавна набавка во редовна постапка, па оттука имајќи предвид дека станува збор за постапка со преговарање без претходно објавување на оглас спроведена согласно одредбите од член 99 од Законот за јавните набавки поради крајна итност на договорниот орган, произлегува дека договорниот орган правилно постапил кога доставил покана за поднесување на понуда само до сега избраниот понудувач „ЦОБИ-СМ“ ДООЕЛ с.Русиново, Берово, бидејќи согласно наведените одредби истиот немал законска обврска да достави покана и до сега тужителот.

Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот, меѓутоа ги оцени како неосновани и без влијание за поинакво одлучување, од причини што договорниот орган не бил должен односно немал законска обврска и до тужителот да достави покана за поднесување на понуда во постапката со преговарање без претходно објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка на услуги - превоз на ученици во учебната 2018/2019 година, па следствено на наведеното во конкретниот случај ирелевантно било прашањето за правилното или неправилното доставување на покана, односно дали воопшто на тужителот му била доставена покана за учество во постапката.

Судот го оцени како неоснован и тужбениот навод на тужителот дека решението на Државната Комисија за жалби по јавни набавки број 09-687/7 од 14.11.2018 година кое го доставува во прилог кон тужбата е донесено на основа на иста фактичка состојба на работите, со ист тужител и предмет на јавната набавка како и предметната тужба, поради повреда на член 54 став 4 од Законот за јавните набавки, од причини што во решението кое го доставува како доказ произлегува дека договорните органи се различни, па оттука и фактичката состојба на работите е различна и не претставува релевантен доказ дека Државната Комисија за иста фактичка состојба донела различни одлуки.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управни спорови.

Пресудено во Управен суд на ден 06.12.2019 година под У-5.бр.1984/2018.

Записничар - судски соработник
Ана Ѓорѓиевски

Претседател на совет - Судија
Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2.

Се задолжува тужителот, во истиот рок да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари, доколку истата не е платена при поднесување на тужбата, на погоре наведените жиро сметки за физички и правни лица.

Пресудата да се достави на:
- тужител
- заинтересирано лице ЦОБИ СМ ДООЕЛ с.Русиново, Берово
- тужен орган

Согласноста со изворникот
УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

Претседател на совет - Судија
Diturije Elezi Neziri

АГК/